

Заминав
како дете во непознат крај
каде со години моите стапалки
после мене се губеа
и секој нареден чекор
место напред
тие назад ме враќаа
на тлото на моите корени
каде одсјајот од заматеното огледало
го одсликуваше само она што
мојот поглед со години го бараше
- мојата земја,
заедно со моето изгубено детство
за љубовта кон мојата татковина
за радоста на мојата мајка
и сонот за убавините
на мојата Македонија
за времето
кое никогаш не се враќа.

Пораснав
и се вратив земјо моја
на тлото од моите корени
на земјата каде мојата мајка
црна грутка во пазуви зеде
и пред да замини аманет ми остави
не заборавај чедо мое
тивко ми рече
негувај го коренот каде израсна
само така ќе знаеш дека постоиш
и ќе бидеш горда Македонка
и сега
кога пред вас стојам

под боите на моето знаме
јас чувствувам
дека и Македонија се гордее со нас

**Елизабета Питулкова**

*песна од стихозбирката*
*~КОРЕНИ ~07 септември 2013*
*Песна на Поетското читање во Порта Македонија по повод*
*8-ми Септември ~ 22 години независна Македонија ~*